Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

Извадок на дел од дневни настани 31.01.2022

Секторот за внатрешни работи Струмица до Основното јавно обвинителство Струмица поднесе 4 кривични пријави против А.Ш.(39), Ѓ.Ш.(36), Е.Ш.(37), С.Ш.(30), И.Ј.(44), М.Р.(21), С.Р.(32), Ф.Р.(37) и С.Р.(32), сите од Струмица, поради постоење основи на сомнение за нелегално тргување со отпад, односно за сторено кривично дело „загрозување на животната средина и природата со отпад" по член 230 став 3, а во врска со член 22 од Кривичниот закон. Осомничените А.Ш., Е.Ш., И.Ј., С.Р. и Ф.Р. во текот на 2019, 2020 и 2021 година откупувале, собирале и складирале секундарни суровини (отпад) и хаварисани возила на повеќе локации во Струмица, кои подоцна ги носеле и ги продавале на лиценцирани правни лица за откуп на секундарни суровини. Парите од иршената продажба правните лице ги уплаќале на сметки на осомничените Ѓ.Ш., С.Ш., М.Р. и С.Р., со што осомничените нелегално тргувале со отпад.

На 30.01.2022 околу 19.00 часот, полициски службеници од ОВР Кавадарци го лишиле од слобода М.Н.(34) од Кавадарци. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени кафеава прашкаста материја, дигитална вага и предмети со остатоци од кафеава прашкаста материја. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 30.01.2022 во 21.50 часот на подрачјето на Бит Пазар од полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје бил лишен од слобода П.Р.(29) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 30.01.2022 во 16.20 часот на подрачјето на Аеродром од полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје од слобода бил лишен М.М.(20) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 30.01.2022 околу 23.50 часот во Гостивар, полициски службеници на СВР Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар ги лишиле од слобода А.З.(25), С.Л.(24), Р.Л.(20) од Тетово и Р.Ј.(29) од тетовско Теново, затоа што кај нив биле пронајдени марихуана и дробилка со остатоци од марихуана. Тие биле задржани во Полициската станица Гостивар за расчистување и документирање на случајот, по што ќе следуваат соодветни поднесоци.

На 30.01.2022 во 21.50 часот на подрачјето на Карпош од полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје од слобода бил лишен Б.М.(22) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 30.01.2022, полициски службеници од Полициското одделение Чашка го лишиле од слобода М.Р.(42) од Росоман. При преглед во неговото возило „лада нива", со кавадаречки регистарски ознаки, биле пронајдени и одземени пет куршуми со калибар 8x57 мм за кои не поседувал дозвола. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 30.01.2022 на подрачјето на СВР Штип, полициски службеници спроведоа акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 50 прекршоци, од кои 43 надвор од населено место и 7 во населено место. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции. Санкционирани биле и 22 други видови на прекршоци, од кои 13 за управување возило без возачка дозвола, 2 за нерегистрирано возило, 4 за управување возило под дејство на алкохол и по 1 за некористење сигурносен појас, за користење мобилен телефон и за непрописно паркирање.

На 30.01.2022 во 13.35 часот во СВР Тетово, 35-годишниот Н.Н. од Скопје пријавил дека неговиот пријател Г.К.(44), исто така, од Скопје, со кого заедно планинареле, на враќање од планинскиот врв Трескавец, над тетовско Вешала, ја повредил ногата, поради што им е потребна помош да се вратат. Полициски службеници од Полициското одделение Попова Шапка, во координација со екипа од Дирекцијата за заштита и спасување, набрзо ги лоцирале, на повреденот му била укажана помош од страна на лекар од екипата и безбедно биле спуштени во с.Вешала.

На 31.01.2022 во 04.25 часот пред угостителски објект на подрачјето на Аеродром, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ги привеле С.А.(23) од Скопје, затоа што кај него бил пронајден нож. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок по Законот за оружје.

Денеска (31.01.2022) во периодот од 06.00 до 09.00 часот, полициски службеници на СВР Тетово - Одделение за внатрешни работи Гостивар спроведе акциска контрола на возила кои вршат јавен превоз на патници, пред сè автобуси и комбиња. При контролата биле откриени и санкционирани 2 возила без извршен технички преглед и 1 возило со недостиг на потребна опрема. Покрај ова, во контролата санкционирани се и 5 други видови сообраќајни прекршоци за кои се изготвени поднесоци и кои ќе се соочат со законски предвидените парични глоби.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против С.Ш.(63) од с.Романовце, кумановско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на службена положба и овластување". Пријавениот, вработен како директор во основното училиште „Кирил и Методиј" во с.Романовце, во текот на 2018 година не го прекинал работниот однос на вработената С.Ц.Е., согласно закон, колективен договор и претходно донесено решение од ОЈО Куманово за одземање на диплома, констатирано со записник од страна на Државен просветен инспекторат на Република Северна Македонија и допуштил таа да врши воспитно-образовна дејност во училиштето без потребната диплома. На ваков начин предизвикана е штета на Буџетот на Република Северна Македонија од 695.621 денари, кои биле исплатени на вработената по основ на плати и придонеси за социјално и здравствено осигурување.

На 29.01.2022 во 00.10 часот, полициски службеници од СВР Куманово, врз основа на судска наредба, го лишиле од слобода Г.Р.(50) од Куманово. Тој се барал за издржување на казна затвор за сторено кривично дело по член 206 од Кривичниот законик. Тој бил спроведен во Казнено-поправна установа Затвор К'шање за издржување на казната.

На 28.01.2022 во 11.00 часот, врз основа на судска наредба, полициски службеници од СВР Велес извршиле претрес во домот во кој престојува Ф.У.(45) од с.Горно Јаболчиште, а со привремен престој с.Бањица. При претресот биле пронајдени 15,40 кубни метри огревни дрва без жиг и соодветна документација. Дрвата биле одземени и предадени на Шумска полиција од Велес. По целосно документирање на случајот против Ф.У. ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 29.01.2022 од страна на полициски службеници од Полициска станица за граничен премин „Табановце" при Регионалниот центар за гранични работи Север била извршена контрола на патничко возило – комби „фиат дукато", со германска национална ознака, управувано од А.Р.(28) од Радовиш, кое вршело меѓународен превоз на патници. При контролата било констатирано дека возилото не поседува комплетна потребна документација за меѓународен превоз на патници. Од страна на Државниот инспекторат за транспорт изречени се соодветни санкции за возилото.

На 30.01.2022 во 21.10 часот во СВР Скопје било пријавено дека на подрачјето на Гази Баба, поради претходно меѓусебно нетрпение, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу С.Т.(67) и Љ.Б.(55), двајцата од Скопје. По целосното документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кочани поднесе кривична пријава против Т.З.(21) од с.Зрновци, кочанско и Д.М.(30) од Штип, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 23.11.2020 во близина на Градскиот плоштад во Кочани, полициски службеници кај Т.З. пронашле и одзеле марихуана, а при претрес во домот на Д.М. , исто така, била пронајдена и одземена марихуана.

СВР Куманово поднесе кривични пријави против Р.З.(48), Е.И.(28), Г.А.М.(45), А.Ш.(41), Т.М.(69), сите од Куманово, М.С.(47) од с.Матејче, општина Липково, И.Ш.(60) од с.Оризаре, општина Липково и А.Т.(53) од с.Шопско Рударе, кратовско, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". Во периодот од 19.04.2021 до 07.06.2021 пријавените биле затекнати како се движат за време на забрана за движење без да поседуваат дозвола за движење

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@mol.gov.mk

Изработено од Унет